Смрт на фашизмот — слобода на народот!

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ"-Скопје. Огласи по тарифата

СКОПЈЕ
Вторник, 26 февруари 1957
Број 4 Година XIII

Претплатата за 1957 год. изнесува 1.000 дин. Овој број чини 62 дин. Чековна сметка број 802-Т-698

13.

На основа глава XVIII оддел 1 точка 3 од Општественото план на Народна Република Македонија за 1957 година, Извршниот совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ПОД КОИ ЌЕ СЕ ДАВААТ ЗАЕМИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ОД РЕПУБЛИЧКИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД

I. По одредбата на оваа Одлука се регулираат условите и начинот под кои ќе се даваат заеми за инвестиции во текот на 1957 година од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд (во понатамошен текст: Фондот).

II. Заемите за кредитирање на инвестициите од средствата на Фондот ги дава Југословенската инвестициона банка — Централа за Народна Република Македонија.

III. Заемите за инвестиции од средствата на Фондот се даваат по пат на конкурс.

Конкурсот го распишува Банката, во согласност со Извршниот совет.

Барањата што ќе бидат поднесени во срок од еден месец од објавувањето на конкурсот, Банката веднаш ќе ги земе во разгледување и доколку ги исполнуваат условите од конкурсот, ќе бидат одобрени, во рамките на расположивите средства.

Барањата поднесени по овој срок ќе бидат разгледувани и одобрувани сукцесивно во рамките на расположивите средства.

IV. Одобрените заеми за инвестиции од средствата на Фондот можат да се користат само за целите за кои се одобрени.

V. Со корисникот на заемот Банката заклучува писмен договор за заем.

VI. Банката ќе дава заеми до висината на претсметковниот износ што е предвиден со инвестиционата програма, ако со заемот и другите расположиви средства на корисникот на заемот се обезбедува потполно довршување на објектот за кој се бара заемот.

Кога изградбата на инвестициониот објект трае повеќе од една година, покрај вкупниот износ на заемот се утврдува и висината на годишните транши.

За вакви објекти нужна е претходна согласност на Извршниот совет.

VII. Заемите се одобруваат на основа на барањето кое содржи:

1. целта за која се бара заемот,
2. висината на заемот,
3. износот на средствата со кои заемобарателот или неговиот гарант учествуваат во трошоците на инвестицијата,
4. интересната стопа и срокот за исплата што го нуди заемобарателот,
5. срокот за почетокот и срокот за завршетокот на работите како и ден од кога започнува да тече срокот за отплатување на заемот.

VIII. Заемобарателот е должен кон барањето за заем да поднесе:

1. инвестиционен елаборат,
2. гаранција,
3. доказ дека се обезбедени средства за положување гарантен износ и сопствено учество.
4. доказ дека се обезбедени девизни средства.

Сопствено учество во иницијативата е задолжително и изнесува 5% од претсметковната вредност на објектот, со исклучок на заемите за неразвиените општини.

За заемите за реконструкции и проширувања во индустријата и рударството, покрај учеството од претходниот став, заемобарателите задолжително учествуваат во инвестицијата и со средствата од амортизациониот фонд за замена, со кои инвеститорот слободно располага во време на барањето на заемот, во височина од 75%.

IX. Гаранциите за заеми ги даваат народните одбори на општините, односно народните одбори на околиите, а според проценката на Банката за кредитната способност на истите.

Индустрија и рударство

X. Од средствата на Фондот Банката ќе дава заеми за нови реконструкции и проширувања во индустријата и рударството.

XI. Корисници на заем од средствата на Фондот за целите од претходната точка можат да бидат стопанските организации и нивните заедници.

XII. Најниската годишна интересна стопа која мора да се понуди при пријавувањето на барањата по конкурсот е:

а) за електростопанството 2%
б) за останатите гранки 4%

Срокот за отплата на заемот не може да биде подолг од 8 години.

Корисникот на заемот е должен во срок од 1,5 година, од денот на потпишувањето на договорот за заем, да обезбеди производство на стоки за пазарот.

XIII. При одобрување на заеми за инвестиции Банката ќе се раководи од принципот, првенствено во добивањето на инвестициони заеми да имаат оние инвеститори кои во најголема мерка ги исполнуваат следните услови:

— кои со помалку вложени средства постигнуваат поголем рентабилитет,

— кои произведуваат дефицитарна стока а нарочно стока за широка потрошувачка,

— кои ќе понудат повисока интересна стопа, пократок срок за отплата и поголемо сопствено учество,

— кои со производството го зголемуваат извозот односно намалуваат увозот.

Земјоделство

XIV. Банката ќе дава заеми од средствата на Фондот за нови инвестиции во земјоделството и тоа:

— за подигање овошни, лозови и други долгогодишни насади;

— за набавка на работен и приплоден добиток;

— за производни објекти во земјоделските стопанства, како и реконструкции и проширување;

— за ситни мелиорации и др.

XV. Корисници на заем од средствата на Фондот за целите од претходната точка можат да бидат:

— земјоделските стопански организации;

— задругите и нивните деловни сојузи;

— водните заедници;

— земјоделските установи со самостојно финансирање;

— политичко — територијалните единици.

XVI. Најниската годишна интересна стопа која треба да се понуди при пријавувањето на барањето по конкурсот е 3%.

Срокот за отплата на заемите да не биде подолг:

а) за подигање овошни, лозови и други долгогодишни насади од . . 20 год.,

б) за набавка на работен и приплоден добиток од . . . . 5 год.,

в) за изградба објекти за преработка и доработка на земјоделските производи од . . . . . 25 год.,

г) за изградба на стопански објекти од тврд материјал од 40 год.,

д) за изградба на стопански објекти од мешан или слаб материјал од . . . . . 15 год.,

ѓ) за ситни мелиорации од . . 50 год.,

Отплата на заемите од претходниот став ќе отпочне:

— за добиток една година од подигнување на заемот;

— за лозја по 4 години од подигнување на заемот;

— за овошни градини и други долгогодишни насади по 6 години од подигнување на заемот;

— за земјоделски згради по една година од полното искористување на заемот.

XVII. При одобрување заеми за инвестиции Банката ќе се раководи од принципот, првенство во добивањето на инвестициони заеми да имаат оние инвеститори кои во најголема мера ги исполнуваат следните услови:

— кои со помалу вложени средства во инвестицијата обезбедува поголем рентабилитет;

— кои ќе понудат повисока интересна стопа, пократок срок за отплата на заемот и поголемо сопствено учество;

— кои со инвестициите го придонесуваат понепосредното решавање снабдувањето на градовите;

— кои со инвестицијата придонесуваат за зголемување на производството на шеќерна репка со обврска, дека таква ќе произведуваат.

Трговија

XVIII. Банката ќе дава заеми од средствата на Фондот за подигање магацински простор за овоштие и зарзават и индустриски стоки.

XIX. Корисници на заем од средствата на Фондот за целите од претходниот член можат да бидат:

За магацини за овоштие и зарзават

а) политичко територијалните единици;

б) трговските претпријатија за промет со овоштие и зарзават;

в) задруги што се занимаваат со откуп на овоштие и зарзават.

За магацини со индустриски стоки

а) политичко територијалните единици;

б) трговските претпријатија за промет со индустриски стоки.

XX. Најниската годишна интересна стопа која мора да се понуди при пријавувањето на конкурсот е 2%.

Срокот за отплата не може да биде подолг од 25 години.

XXI. Корисникот на заемот е должен во срок од една година од склучување на договорот, објектот да го стави во употреба.

XXII При одобрување на заеми за инвестиции, Банката ќе се раководи од принципот, првенство во добивањето на инвестициони заем да имаат оние инвеститори кои во најголема мерка ги исполнуваат следните услови:

— кои ќе понудат повисока интересна стопа, пократок срок за отплата на заемот и поголемо сопствено учество,

— ако заемобарателот е од поголем потрошувачки центар во кој е недоволен односот помеѓу прометот и расположивиот магацински простор,

— ако заемобарателот е од производен реон во кој е неповолен односот помеѓу откупот на овоштие и зарзават и расположивиот магацински простор.

Занаетчиство

XXIII. Од средствата на Фондот Банката ќе дава заеми исклучиво за набавка на опрема на услужните занаети со средства во општествена сопственост.

XXIV. Корисници на заем од средствата на Фондот за целите од претходната точка можат да бидат занаетчиските стопански организации и нивните комори, занаетчиските задруги, општествените организации и политичко-територијалните единици.

XXV. Најниската годишна интересна стопа која мора да се понуди при пријавувањето на конкурсот е 2%, а срокот за отплата на заемот не може да биде подолг од 10 години.

XXVI. Заемите од претходната точка се даваат на оние услужни занаетчиски дејности што се предвидени со Наредбата за стопанските дејности што се сметаат за занаетчиски дејности а нарочно за:

— инсталатерска (за парно, водно и воздушно греење);
— електроинсталатерска;
— инсталатерска за водна канализација;
— браварска;
— лимарска;
— радио-механичарска.

Неразвиени општини

XXVII. Банката ќе дава заеми од средствата на Фондот за нови инвестиции во планинските пасивни реони и тоа:

— за подигање лозови, овошни, малинови и други долгогодишни насади;
— за набавка на приплоден добиток;
— за ситни мелиорации и реконструкции, проширување и оспособување на постојните;
— за изградба инвестициони објекти на пасиштата што не се финансираат од Фондот за пасиштата и за преориентација на стрмните земјишта со затревување;
— за изградба стопански објекти;
— за изградба објекти за складирање, преработка и доработка на земјоделски производи;
— за изградба објекти за домашна ракотворба и амбалажа;
за студии и изработување на инвестициони елаборати и друго.

XXVIII. Корисници на заем од средствата на Фондот за целите од претходната точка можат да бидат општините, стопанските организации, задругите и нивните сојузи, водните заедници, земјоделските установи со самостојно финансирање и тоа во следните општини:

1. Демир Хисар — Битолска околија,
2. Белчишта, Велешта, Луково, Осломеј, Манастирец, Дебар, Челопетци, Струга — Охридска околија.
3. Старо Нагоричане, Ранковци, Крива Паланка — Кумановска околија,
4. Ракотинци, — Скопска околија,
5. Ростушка, Врапчишка, Жеровјанска, Саракинска — Тетовска околија,
6. Беровска, Пехчевска, Делчевска, Радњанска, Лакавичка — Штипска околија.

XXIX. Најниската годишна интересна стопа која мора да се понуди при пријавувањето на конкурсот е 1%, а срокот за отплата не може да биде подолг од роковите предвидени од точка XVI на оваа Одлука.

XXX. При одобрување на заеми за инвестиции Банката ќе се раководи од принципот, првенство во добивањето на инвестициони заеми да имаат оние инвеститори кои во најголема мерка ги исполнуваат следните услови:

— кои понудат повисока интересна стопа, пократок срок за отплата на заемот и поголемо сопствено учество,
— кои со помалку вложени средства во инвестицијата обезбедуваат поголем рентабилитет.

XXXI. За повреди и постапката по повредите на одредбите на оваа Одлука, сходно важат казнените одредби од постојните сојузни прописи.

XXXII. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

ИС број 10
19 јануари 1957 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, **Васил Ѓоргов**, с.р. Претседател, **Љ. Арсов**, с.р.

14.

На основа член 5 и 57 од Уредбата за данокот на доход („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 18/56) и точ. 1 од Одлуката за даночните стопи за данокот на доход („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 1/57), Извршниот совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОДРЕДУВАЊЕ СТОПИТЕ НА ДАНОКОТ НА ДОХОД ОД СЕЛСКОТО СТОПАНСТВО И НАЧИНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ДАНОКОТ НА ДОХОД ВО ПОСТОЈАНЕН ИЗНОС ЗА 1957 ГОДИНА

1. Одлуката за одредување стопите на данокот на доход од селското стопанство и начинот за определување данокот на доход во постојанен износ за 1956 година од 19 март 1956 година („Службен весник на НРМ“ бр. 7/56) во се ќе се применува и при разрезот на данокот на доход за 1957 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1957 г.

ИС број 11
19 јануари 1957 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, **Васил Ѓоргов**, с.р. Претседател, **Љ. Арсов**, с.р.

15.

На основа Дел втори Глава XIII точ. 2 од Општественио план на Народна Република Македонија за 1957 година, донесувам

УПАТСТВО

ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕТО И НАПЛАТАТА НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ТУТУНОТ ВО 1957 ГОДИНА

1) Данок на промет на тутун плаќаат индивидуалните производители на тутун.

Данокот на промет на тутун се плаќа за тутунот откупен во 1957 година.

2) Данокот на промет на тутун се пресметува и наплатува од претпријатијата овластени за откуп на тутун и тоа при самиот откуп на тутунот.

3) За пресметување даночната основица за данокот на промет на тутун се зема купопродажната цена што овластеното откупно претпријатие и производителот ќе ја утврдат при купопродажбата на тутунот.

4) Претпријатието за откуп на тутун е должно наплатениот данок во рок од 5 дена да го внесе во Народната банка на ФНРЈ и тоа 50% во полза на Републичкиот инвестиционен фонд, а 50% во полза на општинскиот инвестиционен фонд на онаа општина во која живее производителот на тутунот.

5) Ова Упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1957 година.

Број 534
28 јануари 1957 година
Скопје

Државен секретар
за работи на финансиите,
Мориц Романо, с.р.

16.

На основа точка 4 од Одлуката за одделните услови под кои стопанските организации можат да купуваат селско-стопански производи непосредно од индивидуалните производители („Службен лист на ФНРЈ" бр. 48/55), во врска со член 35 од Уредбата за пренесување на работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ" бр. 26/56), по предлог на Народниот одбор на Штипска околија, а во согласност со Трговската комора на НРМ и Главниот задружен сојуз на НРМ, донесувам

РЕШЕНИЕ

ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ПОДРАЧЈА НА КОИ НЕ МОЖАТ ДА СЕ ОСНИВААТ ОТКУПНИ СТАНИЦИ

1) Стопанските организации што се занимаваат со промет и преработка на селскостопанските производи не можат да оснивaат откупни станици на подрачјето на општината Кочани — Штипска околија.

2) Откупните станици на стопанските организации што се занимаваат со промет и преработка на селскостопанските производи основани по досегашните прописи на подрачјето од точка 1 од ова Решение ќе престанат со работа до 1.III.1957 година.

3) Ова решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 181
30 јануари 1957 година
Скопје

Секретар за стоков промет
на Извршниот совет,
Морис Шами, с.р.

17.

На основа точка 4 од Одлуката за одделните услови под кои стопанските организации можат да купуваат селскостопански производи непосредно од индивидуалните производители („Службен лист на ФНРЈ" бр. 48/55), во врска со член 35 од Уредбата за пренесување на работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ" бр. 26/56) и заедничкиот предлог на Трговската комора на НРМ и Главниот задружен сојуз на НРМ, донесувам

РЕШЕНИЕ

ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ПОДРАЧЈА НА КОИ НЕ МОЖАТ ДА СЕ ОСНИВААТ ОТКУПНИ СТАНИЦИ

1) Стопанските организации што се занимаваат со промет и преработка на селскостопанските производи не можат да оснивaат откупни станици на подрачјата на општините Пехчево и Василево — Штипска околија и општината Богданци — Т. Велешка околија.

2) Ова решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 182
30 јануари 1957 година
Скопје

Секретар за стоков промет
на Извршниот совет,
Морис Шами, с.р.

18.

На основа чл. 5 и 21 од Уредбата за заемите за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56) и точка III од Одлуката за условите и начинот под кои ќе се даваат заеми за инвестиции од Републичкиот инвестиционен фонд („Службен весник на НРМ" бр. 4/57), а по прибавена согласност од Извршниот совет, Југословенската инвестициона банка — Централа за НР Македонија распишува

VIII КОНКУРС

ЗА ДАВАЊЕ ЗАЕМИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕЛСКОТО СТОПАНСТВО ОД СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД ВО 1957 ГОДИНА

I. На VIII конкурс ќе се даваат заеми од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд:

— за подигање на овошни, лозови и други долгогодишни насади;

— за набавка на работен и приплоден добиток;

— за производни објекти во земјоделските стопанства како и реконструкции и проширувања;

— за ситни мелиорации и др.

Корисници на заем од средствата на фондот можат да бидат: стопански организации, задруги и нивните деловни сојузи, водни заедници, земјоделски установи со самостојно финансирање и политичко територијални единици.

II. Заемите ќе се одобруваат под услов од средствата на заемот и средствата со кои заемобарачот учествува во трошоците на инвестицијата да се обезбедува полно довршување, односно набавка на инвестициониот објект за кој се бара заемот.

III. Барањата за заем мора да ги содржат сите податоци пропишани со чл. 16 од Уредбата за заеми за инвестиции, а се поднесуваат на одделни обрасци што можат да се добијат во Банката.

IV. Заемобарачот е должен со барањето на заем да поднесе:

1. — Инвестициснен елаборат, со кој покрај другото се докажува:

а) дека со средствата од заемот и средствата со кои заемобарачот учествува во трошоците на инвестицијата се осигурува полно довршување на инвестиционот објект за кој се бара заемот;

б) дека од приходите што се предвидуваат да се постигнат по завршување на инвестицијата може да се врати заемот и да се плати интересот;

в) дека се обезбедени 5% средства за учество во трошоците на инвестицијата.

V. Инвестиционот елаборат што се поднесува со барањето за заем треба да биде изработен по прописите што се во важност и да содржи:

1. — Инвестициона програма изработена по Уредбата за изработка и одобрување на инвестиционите програми и депонирање депозит за обезбедување исплатата на инвестиционите работи („Службен лист на ФНРЈ" бр. 5/54 и 36/55), мислење и предлог на ревизионата комисија и решение на надлежниот орган за одобрување на инвестиционата програма според Одлуката за ревизија и одобрување на инвестиционите програми („Службен весник на НРМ", бр. 31/55), со означување вредноста и капацитетот на инвестиционот објект, чија изградба односно набавка се одобрува во инвестиционата програма.

Инвестиционата програма, мислењето и предлогот од ревизионата комисија, како и решението за одобрување на програмата мораат да бидат поврзани во целина и запечатени со печат на органот што го издал одобрението;

2. — Список на сите градежни објекти со означување на вкупната вредност за секој објект;

3. — Главен или идеен проект за секој градежен објект, изработен според Уредбата за градежно проектирање („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/52 и 6/54).

Во идејните проекти за инсталатерските работи (водовод, канализација, осветление и сл.) доволно е да се поднесе диспозициона скица.

Предмерот мора да биде изработен по сите позиции на градежните, занаетчиските и инсталатерските работи, од кои може да се види како е дојдено до одделни количини на работите.

Претсметката мора да биде изработена по сите позиции на предмерот врз основа на единечните цени од 1956 година;

4. —Спецификацијата на опремата, со означување на главните карактеристики, како и цената за секоја позиција на опремата, одвоено за увозна и домашна опрема. Спецификацијата мора да ги содржи и трошоците на монтажните работи и транспортот;

5. — Спецификацијата на другите трошоци (проектирање, истражни работи, трошоци на инвеститорот, откуп, оштета, кадрови и сл.).

VI. По исклучок од одредбите на претходната точка, заемобарачот може да поднесе со барањето за заем упростен инвестици-

онен елаборат по прописите од Наредбата за поднесување упростени инвестициони елаборати по заемите за инвестиции во земјоделството („Службен лист на ФНРЈ", бр 37/56) и тоа:

1. — за сите видови овошни насади на површина од 10 ха и помала, а за лозови и други долгогодишни насади на површина од 5 ха и помала, без оглед на нивната вредност;

2. — за мелиорациони објекти, и производни објекти чија поединачна вредност, заедно со опремата што им припаѓа, не го преминува износот од 3,0 мил. динари;

3. — за приплоден и работен добиток во вкупна вредност од 3 мил. дин. и помала.

VII. На конкурсот заеми ќе им се одобруваат првенствено на заемобарачите од точката I од овој конкурс, кои со бараниот заем и сопственото учество го решаваат проблемот на инвестиционата изградба во целина. Овие заемобарачи, покрај другото, се должни да поднесат инвестициона програма комплетно составена врз основа на преспективен или организационен стопански план (земјоделска основа) за таа стопанска организација.

VIII. Ако еден заемобарач бара инвестиционен заем за повеќе намени, наведени во точката I од овој конкурс, должен е да поднесе одделни барања за заем за секоја предопределеност и податоци, со тоа што може да поднесе единствена инвестициона програма за сите намени за кои бара заем, ако со таа инвестициона програма се решава проблемот на инвестицијата за сите намени.

IX. Првенство во добивањето на инвестициони заеми ќе имаат следниве заемобарачи:

— кои со помалку вложени средства во инвестицијата обезбедуваат поголем рентабилитет;

— кои ќе понудат повисока интересна стопа, покус срок за отплата на заемот и поголемо сопствено учество;

— кои со инвестициите придонесуваат за понепосредно решавање снабдувањето на градовите; и

— кои со инвестицијата придонесуваат за зголемување на производството на шеќерна репка со обврска дека таква ќе произведуваат.

X. Отплатувањето на заемите е во полугодишни или годишни ануитети.

Срокот за отплатување на заемот отпочнува со денот што е утврден со договорот за заемот помеѓу Банката и корисникот на заемот, без оглед на тоа дали е завршен инвестициониот објект во предвидениот срок (член 44 од Уредбата за заеми за инвестиции).

XI. Понудените срокови за отплатување на заемот на овој конкурс, не можат да бидат подолги од предвидените срокови во точка XVI од Одлуката за условите и начинот под кои ќе се даваат заеми за инвестиции од Републичкиот инвестицонен фонд.

XII. Заемобарачите се должни за заемите до 50 мил. дин. да обезбедат гаранција од општината, а за заемите над 50 мил. дин. гаранција од околијата.

Банката може и за заемите до 50 мил. дин. да бара гаранција од околијата.

XIII. Барањето за инвестиционен заем со инвестициониот елаборат и сите прилози се поднесува во два примерка до надлежната филијала на Југословенската инвестициона банка.

XIV. Ако Банката го одбие барањето за заем, заемобарачот може, во случај на повреда на законитоста, да бара поништување на одлуката од Банката. Барањето за поништување на одлуката се поднесува, во смисла на чл. 25 од Уредбата за заеми за инвестиции, до Републичкиот државен секретар за работи на финансиите во срок од 15 дена од денот на приемот на Одлуката за одбивање на барањето за заем.

XV. Барањата за заем што ќе бидат поднесени во срок од еден месец од објавувањето на овој конкурс, Банката веднаш ќе ги земе во разгледување и доколку ги исполнуваат условите од конкурсот заеми ќе бидат одобрени во рамките на расположивите средства.

Барањата за заем поднесени по овој срок ќе бидат разгледувани и одобрени сукцесивно во рамките на расположивите средства.

Во сé друго за овој конкурс важат одредбите на Уредбата за заеми за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56), Одлуката за условите и начинот под кои ќе се даваат заеми за инвестиции од Републичкиот инвестиционен фонд („Службен весник на НРМ", бр. 4/57) и другите прописи што се однесуваат за заеми за инвестиции.

Број 70
16 февруари 1957 година
Скопје

ЈУГОСЛОВЕНСКА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА — ЦЕНТРАЛА ЗА НРМ

Главен директор,
Т. Ивановски, с.р.

19.

На основа чл. 5 и 21 од Уредбата за заеми за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56) и точка III од Одлуката за условите и начинот под кои ќе се даваат заеми за инвестиции од Републичкиот инвестиционен фонд („Службен весник на НРМ", бр. 4/57), а по прибавената согласност од Извршниот совет, Југословенската инвестициона банка — Централа за НР Македонија распишува

IX КОНКУРС

ЗА ДАВАЊЕ ЗАЕМИ ВО ПЛАНИНСКИ ПАСИВНИ РЕОНИ ВО СЕЛСКОТО СТОПАНСТВО ОД СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД ВО 1957 ГОДИНА

I. На IX конкурс ќе се даваат заеми од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд:

— за подигање на лозови, овошни, малинови и други долгогодишни насади;

— за набавка на приплоден добиток;

— за ситни мелиорации и реконструкции, проширување и оспособување на оние што постојат;

— за изградба инвестициони објекти на пасиштата што не се финансираат од фондот за пасишта и за преориентација на стрмните земјишта со затревување;

— за изградба на стопански објекти;

— за изградба на објекти за складирање, преработка и доработка на селскостопански производи;

— за изградба на објекти за домашна ракотворба и амбалажа;

— за студии, изработување на инвестициони елаборати и друго.

Корисници на заем од средствата на фондот за целите од претходната точка можат да бидат: општините, стопанските организации, задругите и нивните сојузи, водните заедници, земјоделските установи со самостојно финансирање и тоа во следниве општини:

1) Демир Хисар — Битолска околија;

2) Белчишта, Велешта, Луково, Осломеј, Манастирец, Дебар, Челопеци, Струга — Охридска околија;

3) Старо Нагоричане, Ранковци, Крива Паланка — Кумановска околија;

4) Ракотинци — Скопска околија;

5) Ростуша, Врапчиште, Жеровјани, Саракино — Тетовска околија.

6) Берово, Пехчево, Делчево, Радања. Лакавица — Штипска околија.

II. Заемите ќе се одобруваат под услов од средствата на заемот и средствата со кои заемобарачот учествува во трошоците на инвестицијата да се обезбедува полно довршување, односно набавка на инвестициониот објект за кој се бара заемот.

III. Барањата за заем мора да ги содржат сите податоци пропишани со член 16 од Уредбата за заеми за инвестиции, а се поднесуваат на одделни обрасци што можат да се добијат во банката.

IV. Заемобарачот е должен со барањето за заем да поднесе:

1. — Инвестиционен елаборат со кој, покрај другото, се докажува:

а) дека со средствата од заемот и средствата со кои заемобарачот учествува во трошоците на инвестицијата се осигурува полно довршување на инвестициониот објект за кој се бара заемот;

б) дека од приходите, што се предвидуваат да се постигнат по завршувањето на инвестицијата, може да се врати заемот и да се плати интересот.

V. Инвестициониот елаборат што се поднесува со барањето за заем треба да биде изработен по прописите што се во важност и да содржи:

1) Инвестициона програма изработена по Уредбата за изработка и одобрување на инвестиционите програми и депонирање депозит за обезбедување исплатата на инвестиционите работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 5/54 и 36/55), мислење и предлог на ревизионата комисија и решение на надлежниот орган за одобрување на инвестиционата програма според Одлуката за ревизија и одобрување на инвестиционите програми („Службен весник на НРМ", бр. 31/55), со означување вредноста и капацитетот на инвестициониот објект, чија изградба односно набавка се одобрува во инвестиционата програма.

Инвестиционата програма, мислењето и предлогот од ревизионата комисија како и решението за одобрување на програмата мораат да бидат поврзани во целина и запечатени со печат на органот што го издал одобрението;

2) Список на сите градежни објекти со означување на вкупната вредност за секој објект;

3) Главен или идеен проект за секој градежен објект, изработен според Уредбата за градежно проктирање („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/55 и 6/54).

Во идејните проекти за инсталатерските работи (водовод, канализација, осветление и др.) доволно е да се поднесе диспозициона скица.

Предмерот мора да биде изработен по сите позиции на градежните, занаетчиските и инсталатерските работи, од кои може да се види како е дојдено до одделни количини на работите.

Претсметката мора да биде изработена по сите позиции на предмерот врз основа на единечните цени од 1956 година;

4) Спецификацијата на опремата, со означување на главните карактеристики, како и цената за секоја позиција на опремата, одвоено за увозна и домашна опрема. Спецификацијата мора да ги содржи и трошоците на монтажните работи и транспортот;

5) Спецификацијата на другите трошоци (проектирање, истражни работи, трошоци на инвеститорот, откуп, оштета, кадрови и сл.).

VI. По исклучок од одредбите на претходната точка, заемобарачот може да поднесе со барањето за заем упростен инвестиционен елаборат по прописите од Наредбата за поднесување упростени инвестициони елаборати по заемите за инвестиции во земјо-

делството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 37/56) и тоа:

1) за сите видови овошни насади и за преориентација на стрмните земјишта со затревување на површина од 10 ха и помала, а за лозови и други долгогодишни насади на површина од 5 ха и помала, без оглед на нивната вредност;

2) за мелиорациони објекти, економски згради или објекти за складирање, преработка и доработка, за домашна ракотворба и амбалажа на селско-стопански производи, чија поединечна вредност заедно со опремата што им припаѓа, не го преминува износот од 3,0 мил. динари;

3) за приплоден и работен добиток и за селско-стопанска и друга опрема, која служи за изведување во сопствена режија на инвестициони објекти или работи во селското стопанство во вкупна вредност од 3 мил дин. и помала.

VII. Ако еден заемобарач бара инвестиционен заем за повеќе намени наведени во точката I од овој конкурс, должен е да поднесе одделни барања за заем за секоја поединпределеност и податоци, со тоа што може да поднесе единствена инвестициона програма за сите намени за кои бара заем, ако со инвестиционата програма се решава проблемот за инвестицијата за сите намени.

VIII Првенство во добивањето на инвестициони заеми ќе имаат следниве заемобарачи:

— кои ќе понудат повисока интересна стопа, покус срок за отплата на заемот и поголемо сопствено учество;

— кои со помалку вложени средства во инвестицијата обезбедуваат поголем рентабилитет.

IX. Отплатувањето на заемите е во полугодишни или годишни ануитети.

Срокот за отплатување на заемот отпочнува со денот што е утврден со договорот за заемот помеѓу Банката и корисникот на заемот, без оглед на тоа дали е инвестициониот објект завршен во предвидениот срок (чл. 44 од Уредбата за заеми за инвестиции).

X Понудените срокови за отплатување на заемот на овој конкурс не можат да бидат подолги од предвидените срокови во точка XVI од Одлуката за условите и начинот под кои ќе се даваат заеми за инвестиции од Републичкиот инвестиционен фонд.

XI. Заемобарачите се должни за заемите до 50 мил. дин. да обезбедат гаранција од општината, а за заемите над 50 мил. дин. гаранција од околијата.

Банката може и за заемите до 50 мил. дин. да бара гаранција од околијата.

XII. Барањето за инвестиционен заем со инвестициониот елаборат и сите прилози се поднесува во два примерка до надлежната филијала на Југословенската инвестициона банка.

XIII Барањата за заем што ќе бидат поднесени во срок од еден месец од објавувањето на овој конкурс, Банката веднаш ќе ги земе во разгледување и доколку ги исполнуваат условите од конкурсот, заемите ќе бидат одобрени во рамките на расположивите средства.

Барањата за заем поднесени по овој срок ќе бидат разгледувани и одобрени сукцесивно во рамките на расположивите средства.

XIV. Во се друго за овој конкурс важат одредбите на Уредбата за заеми за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56), Одлуката за условите и начинот под кои ќе се даваат заеми за инвестиции од Републичкиот инвестиционен фонд („Службен весник на НРМ", бр. 4/57) и другите прописи што се однесуваат за заеми за инвестиции.

Број 71
16 февруари 1957 година
Скопје

ЈУГОСЛОВЕНСКА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА — ЦЕНТРАЛА ЗА НРМ

Главен директор,
Т. Ивановски, с. р.

20.

На основа чл. 5 и 21 од Уредбата за заемите за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56) и точка III од Одлуката за условите и начинот под кои ќе се даваат заеми за инвестиции од Републичкиот инвестиционен фонд („Службен весник на НРМ", бр. 4/57), а по прибавената согласност од Извршниот совет Југословенската инвестициона банка — Централа за НР Македонија распишува

X КОНКУРС

ЗА ДАВАЊЕ ИНВЕСТИЦИОНИ ЗАЕМИ ОД СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД ВО 1957 ГОД. ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ИНДУСТРИЈАТА И РУДАРСТВОТО

I. Со овој конкурс се даваат инвестициони заеми од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд на стопанските организации и нивните заедници од областа на индустријата и рударството, со цел за унапредување индустриското производство преку реконструкција или проширување на постојните погони.

II. На овој конкурс не можат да се поднесуваат барања за заем за нови објекти или за нови погони.

III. Барањето за инвестиционен заем треба да содржи податоци пропишани во чл. 16 и 17 од Уредбата за заеми за инвестиции во стопанството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56), а се поднесува на образец на Југосло-

ЗАВРШНИ СМЕТКИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

БИЛАНС

НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО „ГРОЗД", С. ДУБРОВО — КАВАДАРЦИ

Актива — на ден 31-XII-1955 година — **Пасива**

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	65 326
2.	Инвестиции во тек	37.820
3.	Издвоени средства и други средства за инвестиции	8.639
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	20.893
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања . .	7.145
6.	Друга актива	36
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	1.969
8.	Загуба	—
	ВКУПНО:	141.828

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства . .	34.934
2.	Долгорочен кредит за довршување инвестиции	30.382
3.	Разни фондови	9.702
4.	Долгорочен кредит за финансирање инвестиции	37.820
5.	Други извори за финансирање инвестиции	
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	21.547
7.	Фонд на обртните средства . . .	
8.	Пасивни временски разграничувања	
	В. Извори на средствата во пресметка и друга пасива	
9.	Добавувачи и други обврски . . .	5.465
10.	Друга пасива	
	Г. Финансиски резултат	
11.	Добивка	1.969
12.	Покритие на загубата	
	ВКУПНО:	141.828

ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА СТОПАНСТВОТО „ГРОЗД", с. ДУБРОВО ВО 1955 ГОДИНА

Стопанството е формирано во 1947 година со решение на тогашното Министерство за земјоделство на НРМ со дејност како земјоделско училиште, но подоцна во 1948 и 1949 година, поради добри услови и добра земјоделска површина, е преформирано во земјоделско претпријатие.

Предмет на работата на стопанството е земјоделство и лозарство.

За извршување на работата стопанството користи основни средства 65,326.570 динари и кредит за обртни средства 21,547.000 динари.

Покрај горенаведените основни и обртни средства, стопанството користи уште и инвестиционен кредит за изградба на лозарство и овоштарство во износ од 53,370.000 динари.

Во 1955 година стопанството имаше планирано бруто-продукт во износ од 43,308.400 динари, а оствари 30,342.879 динари.

До ова потфрлување на бруто-продуктот дојде затоа што стопанството имаше планирано да посее извесна површина со ориз. Поради делумичното забранување на оваа култура од страна на околијата (а и доцните пролетни слани што го зафатија овој реон ги измрзнаа лозјата) не можеше да се постигне планираниот принос на грозје.

Со намалување на бруто-продуктот процентуално се намалија и материјалните трошоци и

платниот фонд. Така се оствари добивка во износ од 1,969.160 динари. Добивката е расподелена според постојните прописи.

Стопанството во текот на 1955 година имаше на работа до 150 постојани и сезонски работници и 18 службеници. За овие работници и службеници има потрошено платен фонд во износ од 10,716.110 динари, така што просечната месечна плата на службениците изнесува 10,923 дин., а на работниците 7.620 динари. (179)

БИЛАНС
НА РАБОТНИЧКО-СЛУЖБЕНИЧКИОТ РЕСТОРАН „ХРОМ", ВО ПЕРАЛИШТЕТО, Ѓ. ПЕТРОВ

Актива — на ден 31-XII-1955 година — **Пасива**

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	—
2.	Инвестиции во тек	—
3.	Издвоени средства и други средства за инвестиции	—
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	560
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања . .	7
6.	Друга актива	335
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	—
8.	Загуба	172
	ВКУПНО:	1.074

Ред. бро	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства . .	—
2.	Долгорочен кредит за довршување инвестиции	—
3.	Разни фондови	—
4.	Долгорочен кредит за финансирање инвестиции	—
5.	Други извори за финансирање инвестиции	—
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	—
7.	Фонд на обртните средства . . .	—
8.	Пасивни временски разграничувања	—
	В. Извори на средствата во пресметка и друга пасива	
9.	Добавувачи и други обврски . . .	902
10.	Друга пасива	172
	Г. Финансиски резултат	
11.	Добивка	—
12.	Покритие на загубата	—
	ВКУПНО:	1.074

ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА ВО 1955 ГОД.

Со решение на Работничкиот совет од 7-XII-1954 год. а по согласност и на Народниот одбор на тогашната Скопска околија, основан е Работничко-службенички ресторан „Хром", во пералиштето — Ѓ. Петров. Тој отпочна со работа од 1-I-1955 год. Примањето на стоката и просториите е извршено од дотогашниот угостителски дуќан „Хром", пералиште.

Овој ресторан се занимаваше со продажба на храна и пијалоци на работниците и службениците од самото претпријатие, а просечно имаше 50 абонирци. Набавката на намирници и пијалоци е вршена од Ѓ. Петров и Скопје, а се превезувани со превозните средства на претпријатието.

Ресторанот не користеше кредит кај Народната банка, а го кредитираше самото претпријатие.

Основните средства што ги користеше ресторанот беа на претпријатието.

Ресторанот немаше одреден процент за остварување на платниот фонд од страна на тогашниот Околиски одбор, пради што и платите на персоналот ги исплатуваше по Тарифниот правилник, и ги укалкулираше во цената на чинењето.

На почетокот на јануари 1955 год. Работничкиот совет при претпријатието Рударски базен на хром „Радуша" реши ресторанот во цената на чинењето да ги укалкулира само платите на келнерите, додека платите на останатите работници и службеници, како и трошоците околу огрев, осветление и превоз на намирниците, ќе ги поднесува претпријатието на сметка на својата управна режија.

Меѓутоа, во август 1955 год. се објави толкување на Сојузниот државен секретар за работи на народното стопанство по кое сите плати на работниците и службениците на работа во ресторанот,

како и трошоците околу огрев, осветление и превоз на намирниците мора да ги поднесува самиот ресторан.

Врз основа на ова толкување претпријатието наеднаш го задолжи ресторанот со сите исплати и други трошоци, а пак ресторанот не можеше да ги укалкулира во цената на чинењето на дотогашните услуги. Поради ова на крајот на годината се јави загуба кај овој ресторан во износ од 171.802 дин. (196)

БИЛАНС

НА РАБОТНИЧКО-СЛУЖБЕНИЧКИОТ РЕСТОРАН „РАДУША", РУДНИК РАДУША

Актива — на ден 31-XII-1955 година — **Пасива**

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	—
2.	Инвестиции во тек	—
3.	Издвоени средства и други средства за инвестиции	—
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	963
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања	237
6.	Друга актива	764
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	—
8.	Загуба	642
	ВКУПНО:	2.606

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства	—
2.	Долгорочен кредит за довршување инвестиции	—
3.	Разни фондови	—
4.	Долгорочен кредит за финансирање инвестиции	—
5.	Други извори за финансирање инвестиции	—
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	—
7.	Фонд на обртните средства	—
8.	Пасивни временски разграничувања	—
	В. Извори на средствата во пресметка и друга пасива	
9.	Добавувачи и други обврски	2.588
10.	Друга пасива	18
	Г. Финансиски резултат	
11.	Добивка	—
12.	Покритие на загубата	—
	ВКУПНО:	2.606

ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА ВО 1955 ГОД.

Со решение на Работничкиот совет на Рударскиот базен на хром „Радуша" од 7-XII-1954 год. а по согласност и на Народниот одбор на тогашната Скопска околија, основан е Работничко-службенички ресторан „Радуша" во рудникот Радуша. Тој отпочна со работа од 1-I-1955 год. Примањето на стоката и просториите е извршено од дотогашниот угостителски дуќан „Радуша" во рудникот Радуша.

1) инвестициона програма изработена според Уредбата за изработка и одобрување на инвестиционата програма („Службен лист на ФНРЈ", бр. 5/54, 13/55, 36/55 и 54/55), мислење и предлог од ревизионата комисија и решение од надлежниот орган за одобрување на инвестиционата програма, со означување на вредноста и капацитетот на објектот чија реконструкција се одобрува со инвестиционата програма.

Инвестиционата програма, мислењето и предлогот од ревизионата комисија и решението за одобрување на програмата мораат да бидат поврзани во една целина и запечатени со печат од органот што го издал одобрението;

2) список на сите градежни објекти со означување на вкупната вредност за секој објект;

3) главен или идеен проект за секој градежен објект изработен според Уредбата за градежното проектирање („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/52 и 6/54);

За инсталатерските работи (водовод, канализација, осветление и сл.) во идејните проекти достаточно е да се поднесе диспозициона скица.

Предмерот мора да биде изработен по сите позиции на градежните, занаетчиските и инсталатерските работи од кои може да се види како дошло до одделни количини работи.

Претсметката мора да биде изработена по сите позиции на предмерот врз основа на единични сегашни цени;

4) спецификација на опремата со означување на главната карактеристика, како и со означување на цената на секоја позиција на опремата (одвоено за увозната, а одвоено за домашната опрема). Во спецификацијата треба да се наведат и трошоците на монтажните работи;

5) спецификација на останатите трошоци (истражувачки работи, проектирање, трошоци на инвеститорот, кадрови и др.)

VIII. Заемите ќе им се одобруваат првенствено на оние заемобаратели кои во најголема мерка ги исполнуваат следниве услови:

1) кои со помалку вложени средства постигнуваат поголем рентабилитет;

2) кои со своето производство решаваат проблеми за снабдување на дефицитарни стоки, а особено на стоки за широка потрошувачка;

3) кои нудат повисока интересна норма и најкус срок за отплатување на заемот;

4) кои нудат најголемо учество во трошоците на инвестициите;

5) кои со производството на стоки го зголемуваат извозот односно го намалуваат увозот;

6) кои со производството на стоки за пазар ќе отпочнат во срок којшто не е подолг од 18 месеци од денот на заклучување договор за заем со Банката.

IX. Во смисла на Уредбата за депонирање гарантни износи по заемите за инвестициите, како и на Одлуката за определување висината на гарантниот износ по заемите за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ" бр. 12/55), корисниците на заемот се должни да депонираат кај Банката гарантен износ во висина од 5% од износот на одобрениот заем.

Исто така корисниците на заемот се должни да обезбедат минимално учество во трошоците на инвестициите во износ од 5% од пресметковната вредност на инвестицијата, како и со средствата од амортизациониот фонд за замена, со кои корисникот на заемот слободно ќе располага во време на барањето на заемот во височина од 75%.

X. Заемобарателите се должни со барањето за заем да и' поднесат на Банката:

1) докази за обезбедувањето на гарантниот износ и на учеството во трошоците на инвестицијата;

2) доказ за обезбедување на девизни средства, односно дека ќе можат да бидат обезбедени, доколку се предвидува набавка на увозна опрема;

3) потврда од Електростопанската заедница за обезбедување електрична енергија за погонот што ќе се реконструира односно проширува.

XI. Заемобарателот е должен за заемот да обезбеди гаранција на општината за заеми под 50,0 мил. дин. односно од народниот одбор на околијата за заеми преку 50,0 мил. дин. Банката може да услови за заемите под 50,0 мил. дин. и гаранција на народниот одбор на околијата.

XII. Одобрениот заем заемобарателот ќе може да го користи дури кога ќе ја докаже можноста за набавка на опремата (врз основа на понуда и сл.).

XIII. Заемите по овој конкурс се даваат под услов со бараниот заем и со други расположиви средства на корисникот на заемот, да се обезбедува потполна изградба односно набавка за односната реконструкција (проширување).

XIV. Отплатувањето на заемот е во полугодишни ануитети.

Срокот за отплатувањето на заемот отпочнува со денот што е утврден со договорот за заемот помеѓу Банката и корисникот на заемот, без оглед на тоа дали е завршен инвестициониот објект во предвидениот срок (чл. 44 од Уредбата за заеми за инвестиции).

XV. Барањето за инвестиционен заем со потребната документација (ЗП обрасци) и' се поднесува во два примера на најблиската филијала на Југословенската инвестициона банка (Скопје и Битола), во срок од 30 дена од денот на објавувањето на овој конкурс во „Службен весник на НРМ".

Поднесените барања по овој срок Банката ќе ги прима и ќе ги зема во разгледување ако се располага со средства за оваа намена во Републичкиот инвестиционен фонд.

XVI. Во се друго за овој конкурс важат одредбите на Уредбата за заемите за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56) и Одлуката за условите и начинот под кои ќе се даваат заеми за инвестиции од Републичкиот инвестиционен фонд („Службен весник на НРМ", бр. 4/57), како и другите важечки прописи.

Број 72
16 февруари 1957 година
Скопје

ЈУГОСЛОВЕНСКА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА — ЦЕНТРАЛА ЗА НРМ

Главен директор,
Т. Ивановски, с. р.

21.

На основа чл. 5 и 21 од Уредбата за заемите за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56 г.) и точ. 3 од Одлуката за условите и начинот под кои ќе се даваат заеми за инвестиции од Републичкиот инвестиционен фонд („Службен весник на НРМ", бр. 4/57 г.), а по прибавената согласност од Извршниот совет Југословенската инвестициона банка — Централа за НР Македонија распишува

XI КОНКУРС

ЗА ДАВАЊЕ ИНВЕСТИЦИОНИ ЗАЕМИ ОД СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД ВО 1957 ГОД. ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ТРГОВИЈАТА

I. Со овој конкурс се даваат инвестициони заеми од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд на стопанските организации од областа на трговијата со цел на подигање нов магацински простор за сместување на овоштие и зарзават, како и за индустриски стоки.

II. Корисници на овие заеми можат да бидат:

1. — За магацини за овоштие и зарзават

а) политичко-територијални единици (околии, општини);

б) трговски претпријатија за промет со овоштие и зарзават; и

в) задруги што се занимаваат со откуп на овоштие и зарзават.

2. — За магацини за индустриски стоки

а) политичко-територијални единици, и

б) трговски претпријатија за промет со индустриски стоки.

III. Барањето за инвестиционен заем за оваа намена треба да ги содржи податоците пропишани во чл. 16 и 17 од Уредбата за заеми за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56 г.), а се поднесува на образец на Југословенската инвестициона банка, што може да се добие кај нејзините филијали.

IV. Најниска годишна интересна норма што може да се понуди е 2% (два од сто).

V. Интересната норма може да се понуди и во половини односно четвртина од процентот.

VI. Понуденият срок за отплатување на заемот не може да биде подолг од 25 (дваесет и пет години).

VII. Со барањето на заем се поднесува инвестиционен елаборат составен врз база на сегашните цени.

VIII. Инвестициониот елаборат треба да содржи:

1) Инвестициона програма изработена според Уредбата за изработка и одобрување на инвестициона програма („Службен лист на ФНРЈ", бр. 5/54 г. 13/55, 36/55 и 54/55 г.), мислење и предлог од ревизионата комисија и решение од надлежниот орган за одобрување на инвестиционата програма, со означување вредноста и капацитетот на објектот чија изградба се одобрува со инвестиционата програма.

Инвестиционата програма, мислењето и предлогот на ревизионата комисија и решението за одобрување на програмата, мораат да бидат поврзани во една целина и запечатени со печат на органот што го издал одобрението;

2) Главен или идеен проект за секој градежен објект, изработен според Уредбата за градежното проектирање („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/52 и 6/54 г.).

За инсталатерски работи (водовод, канализација, осветление и слично), во идејните проекти достатачно е да се поднесе диспозициона скица.

Предмерот мора да биде изработен по сите позиции на градежните, занаетчиските и инсталатерските работи, од кои може да се види како се дошло до одделни количини на работите.

Претсметката мора да биде изработена по сите позиции на предмерот врз основа на сегашните единични цени;

3) Спецификација на опремата со означување на главните карактеристики за секоја позиција поодделно (одвоено за увозна, а од-

воено за домашна опрема). Спецификацијата за опремата треба да ги содржи трошоците на монтажните работи и транспортот;

4) Спецификација на останатите трошоци (истражувачки работи, проектирање, надзор, кадрови и друго).

IX. Заеми ќе се одобруваат првенствено на оние заемобаратели, кои во најголема мерка ги исполнуваат следниве услови:

1) кои понудат повисока интересна норма, пскус срок за отплатување на заемот и поголемо сопствено учество;

2) ако се од поголем потрошувачки центар, во кој е неповолен односот помеѓу прометот и расположивиот магацински простор;

3) ако се од производен реон, во кој е неповолен односот помеѓу откупот на овоштие и зарзават и расположивиот магацински простор.

X. Во смисла на Уредбата за депонирање гарантни износи по заемите за инвестиции како и на Одлуката за определување на висината на гарантниот износ по заемите за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ" бр. 12/55), корисниците на заемот се должни да депонираат кај Банката гарантен износ од 5% од износот на одобрениот заем.

Исто така, корисниците на заемот се должни да обезбедат минимално учество во трошоците на инвестициите, во износ од 5% од претсметковната вредност на инвестицијата.

XI. Заемобарателите се должни, со барањето за заем да поднесат на Банката:

1) докази за обезбедување на гарантен износ и за учество во трошоците на инвестицијата;

2) доказ за обезбедување на девизни средства, односно дека ќе можат да бидат обезбедени. до колку се предвидува увозна опрема.

XII. Заемобарателот е должен за заемот да обезбеди гаранција од општината за заем до 50,0 мил. динари, односно од народниот одбор на околијата за заем преку 50,0 мил. д.

Банката може да ги услови и заемите до 50,0 мил. динари со гаранција на народниот одбор на околијата.

XIII. Одобрениот заем заемобарателот ќе може да го користи дури кога ќе ја докаже можноста за набавка на опремата врз основа на понуда и слично.

XIV. Барањето за инвестиционен заем со потребната документација (Зп обрасци), се поднесува во два примерка на најблиската филијала на Југословенската инвестициона банка (Скопје и Битола), во срок од 30 дена од денот на објавувањето на овој конкурс во „Службен весник на НРМ".

Поднесените барања по овој срок Банката ќе ги прима и ќе ги зема во разгледување ако се располага со средства за оваа намена во Републичкиот инвестиционен фонд.

XV. Корисникот на заемот е должен да во срок од една година од склучување на договорот за заем со Банката, објектот да го стави во употреба.

XVI. Во се друго за овој конкурс важат одредбите на Уредбата за заемите за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56 год.) и Одлуката за условите и начинот под кои ќе се даваат заеми за инвестиции од Републичкиот инвестиционен фонд („Службен весник на НРМ", број 4/57 г.), како и другите важечки прописи.

Број 73
16 февруари 1957 година
Скопје

ЈУГОСЛОВЕНСКА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА — ЦЕНТРАЛА ЗА НРМ

Главен директор,
Т. Ивановски, с.р.

22.

На основа чл. 5 и 21 од Уредбата за заеми за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56) и точка III од Одлуката за условите и начинот под кои ќе се даваат заеми за инвестиции од Републичкиот инвестиционен фонд („Службен весник на НРМ", бр. 4/57), а по прибавената согласност од Извршниот совет, Југословенската инвестициона банка — Централа за НР Македонија распишува

XII КОНКУРС

ЗА ДАВАЊЕ ИНВЕСТИЦИОНИ ЗАЕМИ ОД СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД ВО 1957 ГОДИНА ЗА НАБАВКА НА ОПРЕМА НА УСЛУЖНИТЕ ЗАНАЕТИ СО СРЕДСТВА ОД ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

I. На овој конкурс се даваат инвестициони заеми од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд на услужни занаети со средства од општествена сопственост.

II. Заеми од претходната точка ќе се даваат на оние услужни занаетчиски дејности кои се предвидени со Наредбата за стопанските дејности што се сметаат за занаетчиски дејности, а нарочно за:

1) инсталатерска (за парно, водно и воздушно греење),
2) електроинсталатерска,
3) инсталатерска за водна канализација,
4) браварска,
5) лимарска,
6) радиомеханичарска.

III. Корисници на овие заеми можат да бидат занаетчиски стопански организации и нивните комори, занаетчиски задруги, општествени организации и политичко територијални единици.

IV. Барањето за инвестиционен заем за оваа намена треба да ги содржи податоците пропишани во чл. 16 и 17 од Уредбата за заеми за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56), а се поднесува на образец на Југо-

словенската инвестициона банка, што може да се добие кај нејзините филијали.

V. Најниска годишна интересна норма што може да се понуди е 2% (два од сто).,

Интересната норма може да се понуди и во половини односно четвртини од нормата.

VI. Понуденият срок за отплатување на заемот не може да биде подолг од 10 години.

VII. Со барањето за заем се поднесува инвестиционен елаборат составен врз база на сегашните цени.

VIII. Инвестициониот елаборат треба да содржи:

1) Инвестициона програма изработена според Уредбата за изработка и одобрување на инвестициона програма („Службен лист на ФНРЈ", бр. 5/54, 36/55 и 54/55), мислење и предлог од ревизионата комисија и решение од надлежниот орган за одобрување на инвестиционата програма, со означување вредноста и капацитетот на опремата чија набавка се одобрува со инвестиционата програма.

Инвестиционата програма, мислењето и предлог на ревизионата комисија и решението за одобрување на програмата, мораат да бидат поврзани во една целина и запечатени со печат на органот што го издал одобрението.

Со оглед на тоа дека се работи само за набавка на опрема, инвестиционата програма треба да ги содржи разработени оние точки, предвидени со Уредбата за изработка и одобрување на инвестиционата програма, што и одговараат на природата на инвестициите за кои се бара заемот и ја покажуваат оправданоста на инвестиционото вложување;

2) Спецификација на опремата со означување на главните карактеристики за секоја позиција поодделно (одвоено за увозна, а одвоено за домашна опрема). Спецификацијата за опремата треба да ги содржи трошоците на монтажните работи и транспортот;

3) Спецификација на останатите трошоци (истражувачки работи, проектирање, надзор, кадрови и др.).

IX. Заеми ќе се одобруваат првенствено на оние заемобаратели, кои во најголема мерка ги исполнуваат следниве услови:

1) кои понудат повисока интересна норма, покус срок за отплатување на заемот и поголемо сопствено учество;

2) кои со помалку вложени средства постигнуваат поголем рентабилитет.

X. Во смисла на Уредбата за депонирање на гарантни износи по заемите за инвестиции, како и на Одлуката за определување висината на гарантниот износ по заемите за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", 12/55), корисниците на заемот се должни да депонираат кај Банката гарантен износ од 5% од износот на одобрениот заем.

Исто така корисниците на заемот се должни да обезбедат минимално учество во трошоците на инвестициите во износ од 5% од претсметковната вредност на инвестицијата.

XI. Заемобарателите е должни со барањето за заем да и' поднесат на Банката:

1) докази за обезбедување на гарантен износ и за учество во трошоците на инвестицијата,

2) доказ за обезбедување на девизни средства, односно дека ќе можат да бидат обезбедени доколку се предвидува увозна опрема,

3) потврда од Електростопанската заедница за обезбедување електрична енергија за погонот.

XII. Заемобарателот е должен за заемот да обезбеди гаранција од народниот одбор на општината за заем до 50,0 мил. динари, односно од народниот одбор на околијата за заем преку 50,0 мил. динари.

Банката може и заеми до 50,0 мил. динари да ги услови со гаранција на народниот одбор на околијата.

XIII. Одобрениот заем заемобарателот ќе може да го користи дури ќе ја докаже можноста за набавка на опрема, врз основа на понуди и сл.

XIV. Барање за инвестиционен заем со потребна документација (ЗП обрасци), се поднесува во два примерка на најблиската филијала на Југословенската инвестициона банка (Скопје и Битола), во срок од 30 дена од денот на објавувањето на овој конкурс во „Службен весник на НРМ".

Поднесените барања по овој срок, Банката ќе ги прима и ќе ги зема во разгледување ако се располага со средства за оваа намена во Републичкиот инвестиционен фонд.

XV. Во се друго за овој конкурс важат одредбите на Уредбата за заемите за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56) и Одлуката за условите и начинот под кои ќе се даваат заеми за инвестиции од Републичкиот инвестиционен фонд („Службен весник на НРМ", бр. 4/57), како и другите важечки прописи.

Број 74
16 февруари 1957 година
Скопје

ЈУГОСЛОВЕНСКА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА — ЦЕНТРАЛА ЗА НРМ

Главен директор,
Т. Ивановски, с.р.

По извршеното сравнување со оригиналниот текст утврдено е дека во отпечатениот текст на Законот за буџетот на Народна Република Македонија (Републички буџет) за 1957 година („Службен весник на НРМ" бр. 1/57) е допуштена наведената грешка, те се дава

ИСПРАВКА

НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (РЕПУБЛИЧКИ БУЏЕТ) ЗА 1957 ГОД.

Во табелата Преглед на приходите и расходите на буџетот на Народна Република Македонија (Републички буџет) дел „Приходи" точка А. 2 дел — Приходи од населението — наместо цифрата „162,390.000" треба да стои „162.300.000", а во точка Б. — Установи со самостојно финансирање наместо цифрата „1,939.743.000" треба да стои „1,989.743.000".

У бр. 2/57—1
9 февруари 1957 година
Скопје

Од Извршниот совет на НРМ

Огласен дел

ПРОМЕНА НА ИМИЊА

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ со решение бр. 22022 од 4-XII-1956 година ја одобри промената на личното име на Трајков Радомир, роден на 24 март 1929 год. во град Скопје од татко Трајков Ѓорѓи и мајка Трпа така да во иднина личното име ќе му гласи **Атанасов Владо.** (118)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ со решение бр. 21763 од 3-XII-1956 година ја одобри промената на личното име на Блејер Ѓури, роден на ден 28-X-1908 год. во Стара Пазова — НР Србија, од татко Блејер Исидор и мајка Блејер, родена Адам Аранка, така да во иднина личното име ќе му гласи **Блајер Ѓорѓе.**

Промената на фамилијарното име се протегнува и на малолетните му деца: 1. Блејер Златко, роден на ден 5-III-1945 год. во град Скопје и 2. Блејер Иван, роден на 5-XII-1953 год. во град Скопје. (126)

Огласите објавени во „Службен весник на НРМ" бр. 36/56 год. под бр. 118 и 126 се поништуваат.

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ со решение бр. 20018 од 27-XII-1956 год. ја одобри промената на фамилијарното име на Идризи Хусни, роден на ден 14-XII-1926 год. во село Гајре — Тетовско, од татко Халил и мајка Бадеме, така да во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Вела.** (18)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ со решение бр. 1665 од 24-I-1957 год. ја одобри промената на фамилијарното име на Трајковски Иван, роден на ден 12-VI-1934 год. во село Сопиште — Скопско од татко Трајковски Божин и мајка Ката така да во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Трипунов.**

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ со решение бр. 40257 од 9-I-1957 год. ја одобри промената на роденото име на Абазовски Азиз, од село Бороец — Охридско, роден на ден 1-IX-1943 год. во село Бороец, од родители: татко Узеир и мајка Мејта, така да во иднина роденото ќе му гласи **Канија.** (20)

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Стојанов Ѓорѓи, од Битола, ул. „Александар Турунџов" бр. 10, поднесе до овој суд тужба за развод на бракот против Стојанова Ѓорѓи Иванка, од Зрново-Драмска околија — Грција, сега во неизвесност.

Бидејќи тужената Иванка е во неизвесност и со непозната адреса, се поканува во рок од 30 дена од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен весник на НРМ" да се јави или одреди свој застапник. Во противно, ќе и биде одреден старател по званична должност.

Од Окружниот суд во Битола, Г. бр. 18/57. (22)

Крстевски Бошков Димитрија, од Прилеп, ул. „Рампо Левката" бр. 5, поднесе до овој суд тужба за развод на бракот против Китановска Крстева Спасија, од Панчево, работничка во Фабриката за стакло сега во неизвесност. Бидејќи тужената Спасија е во неизвесност и со непозната адреса, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на НРМ" да се јави или одреди свој застапник. Во противен случај ќе и биде одреден старател по званична должност.

Од Окружниот суд во Битола, Г. бр. 444/55. (17)

ОКРУЖЕН СУД ВО ТЕТОВО

При овој суд се води спор за развод на бракот против тужениот Абдиовски Абди, од с. Симница — Тетовско сега во неизвесност.

Се поканува именованиот Абди во срок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ" да се јави пред судот или да одреди застапник кој ќе ги застапува неговите интереси. Во противно ќе му се определи застапник преку старателскиот орган на општинскиот народен одбор — Гостивар со кого ќе се расправи спорот.

Од Окружниот суд во Тетово, Г. бр. 136/56. (21)

ОКОЛИСКИ СУД ВО ТИТОВ ВЕЛЕС

По предлогот на предлагачот Трајко Тодоров Давчев, од Титов Велес ул. „Скопска" бр. 11, при овој суд е покренатa постапка за поништување барираните чекови и тоа: чек бр. 454962 на 10.000 дин., чек бр. 454963 на 10.000 дин. и чек бр. 454964 на 10.000 динари. Чековите се издадени од Народ-

ната банка на ФНРЈ — Филијала во Титов Велес на 26-X-1956 год.

Се поканува секој кој нешто знае или ги нашол чековите да јави на корисникот или на судот во рок од 3 месеци сметано од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ". Во противно ќе се огласат за неважни.

Од Околискиот суд во Титов Велес, Р. бр. 1814/56. (6)

ЛИКВИДАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 10-X-1956 година, под рег. бр. 13, на страна 25 е запишано следното: со решение на НО на општината „Чашка" — Титоввелешка околија, бр. 40004 од 16-VII-1956 година Земјоделска задруга „Плавник", село Мелница — Титоввелешко, е ставена во ликвидација.

За ликвидатор на задругата е назначен Цветко Николов.

Задругата во ликвидација ќе ја потпишуваат ликвидаторот Цветко Николов и претседателот на Ликвидационата комисија Јован Мирчев.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 2416/56. (1374)

На основа решението на НО на општината — Гостивар, бр. 4232 од 22-III-1956 година Самостојната слаткара „Јагода" — Гостивар, од 1-III-1956 година е ставена во ликвидација.

Се покануваат сите должници и поверители на слаткарата да ги пријават своите долгови, односно побарувања во рок од еден месец од денот на објавувањето на огласот. Во противно по истекот на горниот рок Ликвидационата комисија нема да признава никакви побарувања, а за исправна ќе ја смета книговодствената состојба на слаткарата.

Од Ликвидационата комисија (1375)

На основа решението на НО на Скопска околија, бр. 18427 од 16-XI-1956 год. Управата за школски кујни и детски летовалишта, со седиште во Скопје, од 10-XII-1956 година е ставена во ликвидација.

Се покануваат сите должници да ги уплатат своите долгови во рок од 30 дена од денот на објавувањето на овој оглас во корис на чековната сметка бр. 80-КБ-1-690 при Комуналната банка во Скопје, а поверителите да ги пријават своите побарувања до Ликвидационата комисија. Во противно по истекот на горниот рок нема да се признаваат никакви побарувања, а должниците ќе бидат дадени на Стопанскиот суд.

Од Ликвидационата комисија (1606)

Со решение на Окружниот стопански суд во Скопје Л. бр. 1/55 од 2-III-1955 год. е дозволена постапка за присилна ликвидација на Трговското претпријатие за земјоделски производи „Бистра" — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 2482/56. (98)

РЕГИСТРАЦИЈА НА УСТАНОВА СО САМОСТОЈНО ФИНАНСИРАЊЕ

На основа решението бр. 23478 од 17-XI-1956 год. на Одделението за стопанство на НО на општината „Кисела Вода" — Скопје е запишано во регистарот на установите со самостојно финансирање на страна 5, под рег. бр. 5 установата под назив: Завод за ревизија за Скопска околија, со седиште во Скопје. Предмет на работата на Заводот е: по барање на стопанските организации и овластени државни органи да врши преглед и испитување — ревизија на финансиското и материјално послување и да дава анализи со цел за подобрување послувањето на стопанските организации.

Заводот е основан од Народниот одбор на Скопска околија со решение бр. 2462/56.

Заводот ќе го застапува и потпишува директорот Круме Перковски.

Орган надлежен за работите и задачите на Заводот е Советот за план и финансии на Народниот одбор на Скопска околија.

Од НО на општината „Кисела Вода — Скопје.

РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23-VIII-1955 год. под рег. бр. 68 е запишан под фирма: Погон за производство на цигари и други тутунови производи, со седиште во Прилеп. Предмет на послувањето на погонот е: производство на цигари и други тутунови производи.

Погонот е основан од Тутуновиот комбинат Прилеп, а согласно решението на НО на општината — Прилеп, бр. 21536/54.

Раководител на погонот е Борис Луквенец Орданов.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 268/55. (1131)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 12-I-1956 год. под рег. бр. 193 е запишана под фирма: Откупна станица „Билјана", со седиште во Ресен. Предмет на послувањето на станицата е: откуп на емиш и зарзават.

Станицата е основана од Претпријатието за извоз-увоз „Билјана" — Битола, а согласно решението на НО на општината — Ресен, бр. 5155 од 17-VIII-1953 год.

Раководител на станицата е Борис Бутка.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 45/56. (1133)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30-I-1956 год. под рег. бр. 77 е запишан под фирма: Месарски дуќан бр. 2, со седиште во Струга. Предмет на послувањето на дуќанот е: продажба на месо и месни производи.

Дуќанот е основан од Месарското претпријатие „Бело Јагне"" — Струга, а согласно решението на НО на општината — Струга, бр. 6491/55 год

Раководител на дуќанот е Петар Матовски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 111/56. (1136)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30-I-1956 год. под рег. бр. 1 е запишан под фирма: Трговски дуќан бр. 1, со седиште во Струга, Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија на мало со мешовити стоки.

Дуќанот е основан од Трговското претпријатие „Стандард" — Струга, а согласно решението на НО на Охридска околија бр. 7441 од 12-V-1956 год.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 113/56. (1138)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30-I-1956 год. под рег. бр. 71 е запишан под фирма: Трговски дуќан бр. 2, со седиште во Струга. Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија на мало со мешовита трговска стока.

Дуќанот е основан од Трговското претпријатие „Стандард" — Струга, а согласно решението на НО на Охридска околија, бр. 7443 од 12-V-1954 год.

Раководител на дуќанот е: Сабри Бакал.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 114/56. (1139)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30-I-1956 год. под рег. бр. 71 е запишан дуќанот под фирма: Трговски дуќан бр. 3, со седиште во Струга. Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија на мало со железарска и метална стока.

Дуќанот е основан од Трговското претпријатие „Стандард" — Струга, а согласно решението на НО на Охридска околија, бр. 16746 од 1-X-1954 год.

Раководител на дуќанот е: Профи Верушевски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 115/56. (1140)

Окружниот суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 10-VII-1954 година под рег. бр. 104 е запишан под фирма· Угостителски дуќан — гостилница „Дихово", со седиште во Битола. Предмет на послувањето на дуќанот е: угостителски услуги на исхрана, точење на сите видови пијалоци и сместување на добиток.

Од Окружниот суд во Битола, Р бр. 194/54. (1355) 54

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 2-XII-1954 година, под рег. бр. 749 е запишано под фирма: Претпријатие за производство на коцка, огревен и градежен материјал „Клисура" со седиште во Демир Капија. Предмет на послувањето на претпријатието е: производство на камена коцка, камен, вар, огревно дрво и друг градежен материјал.

Претпријатието е основано со решението на НО на Демирхисарската општина, бр. 3205 од 24-XI-1954 година. Истото ќе го потпишува директорот Александар Андонов Стоевски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 749/54. (1625) 54

Окружниот суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 25-IX-1954 година под ред. бр. 346 е запишано под фирма: Задружен угостителски дуќан „Полет", со седиште во с. Пирава. Предмет на послувањето на дуќанот е: продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци.

Од Окружниот суд во Скопје, Фи бр. 566/54. (242) 55

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30-IV-1955 година под рег. бр. 369, страна 981 е запишано под фирма: Текстилна индустрија „Иван Милутиновиќ" — Земун — Претставништво во Скопје. Предмет на послувањето на преставништвото е: склучување на уговори за купување и продавање на стока во име и за сметка на текстилната индустрија.

Претставништвото е основано од работничкиот совет на Текстилната индустрија „Иван Милутиновиќ", а одобрено од НО на град Скопје со решение бр. 11084 од 19-II-1955 год.

Раководител на претставништвото е Георги Макенациев.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 951/55. (576) 55

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека од регистарот на стопанските организации на НО на град Скопје од рег. бр. 382 е пренесено и запишано во регистарот на овој суд под рег. бр. 349 на страна 923 под фирма: Претпријатие — трговски дуќан за индустриски стоки „Младост" — Скопје. Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија со текстил и текстилна галантерија.

Дуќанот е основан со решението на НО на град Скопје, бр. 7397 од 22-XII-1953 година. Истиот ќе го потпишуваат раководителот Ангел Георгиевски и продавачот Ѓорѓи Чарчиев.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 550/55. (578) 55

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30-IX-1955 година под рег. бр. 2 на страна 38 е запишана „Црвена ѕвезда", со седиште во село Трново — Струмица. Предмет на послувањето на про-

НАРОДНИОТ ОДБОР НА ОПШТИНАТА ТИТОВ ВЕЛЕС

Распишува

ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Со писмена понуда за изградување на еден резервоар од 1.000 м³ во град Титов Велес.

Претсметковната вредност на резервоарот изнесува околу 20.000.000 динари.

Срокот за довршување на резервоарот е 15-V-1957 година.

Писмената понуда обавезно да биде запечатена во плик, со шифра на понудувачот. Понудата се предава непосредно на комисијата пред почнување на наддавањето, што ќе се одржи на ден 2-III-1957 година во 10 саатот, во просториите на Народниот одбор на општината — Титов Велес, соба бр. 17.

Понудувачот е должен да внесе кауција 2% од претсметковната вредност на резервоарот.

Условите и други информации заинтересираните можат да ги добијат секој работен ден од 7—14 саатот, во службата за инвестиции, соба бр. 19 или на тел. бр. 78.

Од Народниот одбор на Општината Титов Велес

давницата е: продавање на градежни материјали (тули и ќерамиди).

Продавницата е основана на основа решението на НО на Струмичка околија, бр. 1978 од 8-II-1955 година.

Раководител на продавницата е Никола Тутунциски.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 145/55. (1020) 55

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации при НО на град Скопје од рег. бр. 368 е пренесено и запишано во регистарот на стопанските организации при овој суд под рег. бр. 359, страна 953 претпријатието под фирма: Претпријатие — трговски дуќан за индустриски стоки „Избор" — Скопје. Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија со текстил.

Дуќанот е основан со решението на НО на град Скопје, бр. 7397 од 22-XII-1953 год. Истиот ќе го потпишуваат раководителот Миле Панзов и касиерката Петранка Георгиева.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 594/55. (577) 55

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15-III-1956 год. под рег. бр. 13 е запишана под фирма: Откупна станица, со седиште во Битола. Предмет на послувањето на станицата е: откуп и продажба на сите видови отпадоци, индустриски сировини и продавање на стари употребливи предмети.

Станицата е основана од Претпријатието „Отпад" — Скопје, а согласно решението на НО на општината — Битола, бр. 4136 од 21-II-1956 год. Истата ќе ја потпишува раководителот Богољуб Беровски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 188/56. (1083)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 18-V-1956 год. под рег. бр. 17, е запишано претпријатието под фирма: Трговско претпријатие на големо „Плашица", со седиште во Битола. Предмет на послувањето на претпријатието е: купопродажба на стоки во внатрешен промет и трговија со риби.

Претпријатието е основано со решението на НО на општината — Битола, бр. 14703 од 2-IV-1956 год. Истото ќе го потпишува в. д. директорот Бубевски Крсте.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 364/56. (1085)

СОДРЖИНА Страна

13. Одлука за условите и начинот под кои ќе се даваат заеми за инвестиции од Републичкиот инвестиционен фонд — — — — — 73
14. Одлука за одредување стопите на данокот на доход од селското стопанство и начинот за определување данокот на доход во постојанен износ за 1957 година — — — — — 75
15. Упатство за начинот на пресметувањето и наплатата на данокот на промет на тутунот во 1957 година — — — — — — — — 76
16. Решение за одредување подрачја на кои не можат да се оснивваат откупни станици — 76
17. Решение за одредување подрачја на кои не можат да се оснивваат откупни станици — — 76
18. VIII конкурс за давање заеми за инвестиции во селското стопанство од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд во 1957 год. 77
19. IX конкурс за давање заеми во планински пасивни реони во селското стопанство од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд во 1957 година. — — — — — — 79
20. X конкурс за давање инвестициони заеми од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд во 1957 година за реконструкција и проширување во областа на индустријата и рударството — — — — — — — — — 80
21. XI конкурс за давање инвестициони заеми од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд во 1957 година за потребите на трговијата — — — — — — — — — 82
22. XII конкурс за давање инвестициони заеми од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд во 1957 година за набавка на опрема на услужните занаети со средства од општествена сопственост — — — — — 83
Исправка на Законот за буџетот на Народна Република Македонија (Републички буџет) за 1957 година — — — — — — — — 85

Издавач: „Службен весник на Народна Република Македонија" новинско издавачко претпријатие — Скопје, ул. „29 ноември". Одговорен уредник П. Јаневски. Пошт. фах 51. Тел. 19-86. Чековна сметка при Народната банка — Скопје, бр. 302-Т-698 Печатница „Гоце Делчев" II — Скопје